**20221231694**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 мај 2022 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 28/22, 56/22, 69/22, 88/22 и 117/22) во член 2 став (2) во табелата подмерката 1.19. се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.19. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.7 за јаболка предадени кај регистрирани откупувачи или регистрирани преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници на подмерката 1.7 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година и оствареното производство на јаболко за период од 16 декември 2021 година до 30 јуни 2022 година го имаат предадено директно или преку еден регистриран откупувач кај регистриран преработувачки капацитет или кај регистриран откупувач, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи-овошје.<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм. |

“

Член 2

Во членот 4 во точката 1 зборовите „31 мај“ се заменуваат со зборовите „30 јуни“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4917/1
31 мај 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
наРепубликаСевернаМакедонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.